**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-191/4**
**Скопје, 11.03.2008 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2006 година кои се прикажани на страните 4 и 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи, од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Сокол Митровски – градоначалник на општина Ѓорче Петров во 2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 3 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај, е планирана и извршена во периодот од 19.11.2007 до 25.11.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива, и
- дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот.

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***
______________________

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 27.02.2008 година примени се забелешки по Предходен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2006 година на општина Ѓорче Петров за средствата на сметката на Буџетот, под број 05-330/2 од 25.02.2008 година, од законскиот застапник – Градоначалникот на општина Ѓорче Петров. Истите се разгледани при што е одлучено следното:

- забелешките на наодот од точка 10.2.2. не се прифаќаат и наодот останува во Конечниот извештај од причина што ревизијата не доби релевантен и достатен ревизорски доказ, како основ за негово прифаќање.
- забелешките кои се однесуваат на наодот од точка 10.1.1., не се прифаќаат и наодот останува во Конечниот извештај од причина што истиот има карактер на известување за преземени мерки и активности по дадените препораки од ревизијата за отстранување на утврдените неправилности.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 11.1. Систем на интерни контроли во процесите

#### 11.1.1. Процес на буџетирање

При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на буџетирање, ревизијата констатира дека и покрај воспоставените контроли, постои ризик дека буџетот нема да се изготви и донесе во законски утврдените рокови. Причина е непостоење на пишани процедури пред се недонесениот буџетски календар што создава услови за недефинирани рокови за навремено и целосно вклучување на буџетските корисници и јавноста во постапките на подготвување, предлагање, расправи и донесување на буџетот во роковите предвидени со Законот за буџетите и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

**Препорака:**

Ревизијата препорачува градоначалникот како одговорно лице да преземе активности во функција на донесување на Буџетски календар со утврдени рокови за:

- доставување на главните насоки за изготвување на финансиските планови до буџетските корисници;
- доставување на финансиски планови од општинските буџетски корисници до градоначалникот, и
- доставување предлог буџет до советот на општината.

### 11.2. Неправилна примена на акти

11.2.1. Согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Градоначалникот на општина Ѓорче Петров има доставено квартални извештаи за извршување на буџетот на општината до Советот. Истите се разгледувани само на

Комисијата за финансирање и буџет, што е спротивно на член 32 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, и има за ефект неисполнување на законските обврски од страна на Советот.

**Препорака:**

Заради поголема контрола и транспарентност, да се воспостави пракса, советот на општината да ги разгледува кварталните извештаи, согласно одредбите од Законот за финасирање на единиците на локалната самоуправа.

11.2.2. Советот на општина Ѓорче Петров нема усвоено годишен извештај за работењето на општина Ѓорче Петров за 2006 година. Освен годишната сметка, Советот нема усвоено извештаи за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивната вредност и извештај за реализацијата на инвестиционите програми, наменските и капиталните дотации, од причина што службите на општината ги немаат изготвено овие извештаи, што е спротивно на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа.

Презентирање и усвојување на годишната сметка без овие комплетни извештаи ја намалува транспарентноста во работењето и создава можност за презентирање на некомлетни податоци.

**Препорака:**

Тргнувајќи од определбата за економично и транспарентно работење како законска обврска на општините, при усвојување на годишната сметка која е составен дел на Годишниот извештај, на Советот на општината да му бидат доставени на усвојување и извештаите предвидени со одредбите од член 34 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа.

12. Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на сметката на Буџетот на Општина Ѓорче Петров под 31 декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, кај сметката на Буџетот на Општина Ѓорче Петров, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

**14. Прифатени и корегирани неправилности во текот на ревизијата:**
**14.1.Корекции кај Билансот на состојба**

14.1.1. Извршена е исправка односно зголемување на сметките Побарувања и Пасивни временски разграничувања во поединечен износ од 249 илјади денари поради

- неевидентирани договори за утврдување на надомест за уредување на градежно земјиште во износ од 224 илјади денари и
- неизготвени фактури за закуп за март 2006 година во износ од 25 илјади денари.

14.1.2. Извршена е исправка односно намалување на сметките Побарувања и Пасивни временски разграничувања во поединечен износ од 15 илјади денари, бидејќи овие побарувања се наплатени во предходни години .

**Скопје 03.03.2008 година** **Овластен државен ревизор**

## ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ БУЏЕТ

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 55.916 | 41.936 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 7.134 | 815 |
| Трансфери и донации | 3.3. | 27.234 | 15.100 |
| **Вкупно приходи** | | **90.284** | **57.851** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.4.1. | 19.661 | 13.179 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.4.2. | 248 | 395 |
| Стоки и услуги | 3.4.3. | 35.778 | 20.088 |
| Каматни плаќања | 3.4.4. | 173 | 53 |
| Субвенции и трансфери | 3.4.5. | 1.761 | 2.701 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **57.621** | **36.416** |
| **Капитални расходи** | 3.5. | 25.106 | 9.717 |
| **Вкупно расходи** | | **82.727** | **46.133** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **7.557** | **11.718** |

## ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ БУЏЕТ

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 7.557 | 17.244 |
| Побарувања | 4.1.2. | 7.878 | 379 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите | - | - | 830 |
| **Вкупно тековни средства** | | **15.435** | **18.453** |
| **Вкупна актива** | | **15.435** | **18.453** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема субјекти | - | - | 1.950 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 15.435 | 16.503 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **15.435** | **18.453** |
| **Вкупна пасива** | | **15.435** | **18.453** |